ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# Извештај од финансиското работење на претпријатието во вториот квартал од 2018 година

**Скопје, 2018**

СОДРЖИНА

I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

II. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

1. Остварени приходи и приливи
2. Остварени расходи и одливи
3. Остварени инвестиции

III. ОБВРСКИ

IV. АВАНСИ

## ВОВЕД

Овој извештај се изготвува согласно член 5 од Законот за јавните претпријатија и се однесува за периодот IV-VI-2018 година. Извештајот се доставува до Владата на Република Македонија, како основач на Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП). Во извештајот е прикажана реализацијата на приходите и приливите, расходите и одливите и инвестициите во вториот квартал од 2018 година. Извршена е споредба на нивната реализација во однос на реализацијата во истиот период од 2017 година.

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното Претпријатие за државни патишта е основано на 03.01.2013 година со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија. Претпријатието е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Во периодот јануари - март 2018 година Јавното претпријатие за државни патишта реализираше задачи утврдени со Програмата за изградба, рехабилитација, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта, при што ги оствари следните активности и соодветни финансиски резултати:

## II. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Планираните приходи на ЈПДП за 2018 година произлегуваат од изворите на средства за финансирање на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за јавните патишта и тоа:

1) дел од акцизата од нафтени деривати;
2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
4) надоместок за :

   а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта,

   б) приклучување на пристапен пат на државен пат,

   в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас на државен пат,

   г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на државен пат надвор од населено место,

   д) прекумерно користење на пат,

   ѓ) вонреден превоз и

   е) штета сторена на патот и објектите на патот,
5) средства од Буџетот на Република Македонија;
6) заеми и кредити и
7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Македонија и таа не може да биде помала од 20% од вкупниот приход остварен врз основа на акциза од нафтени деривати.

## II.1. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ

Во следните табели прикажани се остварените приходи од работењето и приливи од странски кредити на ЈПДП во периодот IV – VI - 2018 година:

### II.1.1 Приходи од работењето

| ПРИХОДИ | План 2018 година | Реализација IV–VI-2018 | Реализација IV–VI-2017 | Индекс I – IV-2018/ IV–VI-2017 | Реализација IV - VI 2018/план 2018 | Структура одделни во вкупни реализирани приходи во периодот IV – VI-2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **7.243.000.000** | **1.806.057.658** | **1.665.644.985** | **108,43** | **24,94%** | **100,00%** |
| **1. Дел од акциза од нафтени деривати** | **2.800.000.000** | **758.488.473** | **659.506.005** | **115,01** | **27,09%** | **40,00%** |
| **2.Надоместоци за патарина и регистрација** | **4.400.000.000** | **1.040.525.658** | **999.462.469** | **101,11** | **23,65%** | **57,61%** |
| 2.1. Патарина | 2.750.000.000 | 608.341.037 | 584.249.804 | 104,12 | 22,12% | 58,46% |
| 2.2. Регистрација | 1.650.000.000 | 432.184.621 | 415.212.665 | 104,09 | 26,19% | 41,54% |
| **3. Други приходи на ЈПДП-согласно Законот за јавни патишта** | **43.000.000** | **7.043.527** | **6.676.511** | **105,05** | **16,38%** | **0,39%** |

1. **Од централниот буџет (делот од акцизата од нафтени деривати)**, на ЈП за државни патишта за финансирање на Програмата за патишта во вториот квартал од 2018 година беа трансферирани 758.488.473 денари, односно 27,09% од планираните за 2018 година. Во споредба со истиот период од 2017 година овој приход е зголемен за 15,01%, односно за 98.982.468 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

2. **Надоместоци за** употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) и надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)

   . Во рамки на оваа позицијата за периодот април – јуни 2018 година остварени се приходи во износ од 1.040.525.658 денари и тоа од:

2.1. **Надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)** остварен е приход во износ од 608.341.037 денари, односно 22,12% од вкупно планираниот приход по оваа основа за 2018 година. Во споредба со истиот период од 2017 година, приходите врз оваа основа се поголеми за 4,12%, односно за 24.091.233 денари. Висината на тој надоместок е определена во зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на РМ за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) бр.19-3442/1 од 14 јули 2009 година и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014).

2.2. **Надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса)** што се плаќа при **регистрација на возилата,** во извештајниот период е остварен вкупен приход во износ од 432.184.621 денари, што е 26,19% од планираните приходи по таа основа за 2018 година. Во споредба со истиот период од 2017 година, приходите врз оваа основа се зголемени за 4,09%, односно за 16.971.956 денари. Остварувањето на тој приход е врз основа на примена на Одлука на Влада на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно, а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

3. **Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта** изнесуваат 7.043.527 денари или 16,38% од планираните средства за 2018 година. Тие беа остварени врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", како и други приходи.

Вкупно остварените приходи во II квартал од 2018 година во споредба со истиот период од 2017 година се зголемени за 8,43% односно за 140.045.657 денари.

### II.1.2 Приливи остварени од странски кредити

| ПРИЛИВИ ОД КРЕДИТИ | План 2018 година | Реализација IV-VI-2018 | Реализација IV-VI-2017 | Индекс IV-VI-2018/IV-VI-2017 | Реализација IV-VI- 2018/план 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Приливи од кредити | 13.314.000.000 | 1.650.261.499 | 1.091.435.251 | 151,20 | 12,39% |

Од вкупно планираните 13.314.000.000 денари странски кредити за финансирање одредени инвестиции според Годишната програма на ЈПДП, во вториот квартал од 2018 година беа повлечени и реализирани 1.650.261.499 денари. Овие средства се повлечени за реализација на Проектот за подобрување на регионални и локални патишта, проектот за електронски систем за наплата на патарини и проектот за градба на национални патишта финансирани од ЕБОР, потоа за Проектот за подобрување на магистралните и регионалните патишта финансирани од Светска Банка и повлекувања за реализација на проектот за изградба на автопатите Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид финансирани од Ехим банка.

Од ЕБОР беа повлечени 341.704.050 денари, од СБ 588.136.335 денари и од Ексим банка 706.666.164 денари и од ЕИБ 13.754.950 денари

## II.2 ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ И ОДЛИВИ

Во следните табели прикажани се остварените расходи и одливи на ЈПДП во периодот IV-VI- 2018 година:

### II.2.1 Расходи од работењето

| Расходи од редовното работење | План 2018 година | Реализација IV-VI-2018 | Реализација IV-VI-2017 | Индекс IV-VI 2018/IV-VI 2017 (%) | Реализација IV-VI 2018/план 2018 | Стр. на одд. во вк. реал. расходи во периодот IV-VI-2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **2.383.400.000** | **729.001.283** | **564.665.980** | **129,10** | **30,59%** | **100,00%** |
| **1.Трошоци за канцелариски, потрошен материјал, ситен инвентар и гориво** | **21.000.000** | **4.309.626** | **9.003.583** | **47,87** | **20,52%** | **0,59%** |
| **2, Услуги за одржување на патишта, одржување објекти и опрема, комунални услуги,ел.енергија и други услуги** | **961.000.000** | **138.768.535** | **197.840.000** | **70,14** | **14,44%** | **19,03%** |
| *Тековно одржување на патишта (Македонија пат) | | 81.404.057 | 156.435.624 | | | |
| *Провизија за здруженија за технички преглед | | 16.989.071 | 15.789.197 | | | |
| *Останати услуги (одржување на електроенегетски објекти, систем за видео надзор на Н.С., комунални услуги, ел.енергија, објава на огласи и др.) | | 40.375.407 | 25.615.179 | | | |
| **3. Плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените** | **250.000.000** | **59.112.031** | **51.601.357** | **114,56** | **23,64%** | **8,11%** |
| **4.Трансфери до ЕЛС** | **300.000.000** | **126.572.774** | **48.719.773** | **259,80** | **42,19%** | **17,36%** |
| **5. Даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето** | **271.000.000** | **354.116.201** | **202.259.212** | **175,08** | **130,67%** | **48,58%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Даноци | | 311.686.536 | 132.110.017 | | | |
| *Повраток на средства од регистрација | | 20.372.780 | 31.986.246 | | | |
| *Банкарски провизии | | 7.485.265 | 6.868.929 | | | |
| *Останати трошоци | | 14.571.620 | 31.294.020 | | | |
| - Превоз на вработени на Н.С. | | 2.259.271 | 1.790.403 | | | |
| - Надоместоци за УО и НО | | 422.773 | 382.990 | | | |
| - Судски трошоци, трошоци за вештачења, извршители, осигурување на вработени и имот на ЈПДП и др. | | 10.126.820 | 28.246.797 | | | |
| - Трошоци за репрезентација (кафе, чај и други напитоци во ЈПДП) | | 264.273 | 327.041 | | | |
| - Враќање погрешни уплати | | 1.478.483 | 546.789 | | | |
| **6. Камати од земени кредити од странски инвеститори** | **580.400.000** | **46.122.116** | **55.242.055** | **83,49** | **7,95%** | **6,29%** |

1. **За трошоци за канцелариски и потрошни материјали, ситен инвентар и гориво** во вториот квартал од 2018 година потрошени се 4.309.626 денари, што претставува 20,52% од средствата предвидени за таа намена од Годишната програма. Овие трошоци се однесуваат за набавка на канцелариски и потрошни материјали потребни за секојдневното работење (тонери, ролни за фискални каси на наплатните станици, фотокопирна хартија и др.), потоа трошоци за гориво за службените автомобили и агрегатите на наплатните станици и други материјали.

2. **За услуги за одржување на државните и регионалните патишта, одржување објекти и опрема, комунални услуги, електрична енергија и други услуги** во вториот квартал од 2018 година потрошени се 138.768.535 денари, односно 14,44% од планираните согласно Годишната програма. Најголем дел од потрошените средства (81 милион денари) се однесуваат на тековното одржување на патиштата што се реализира согласно договорот склучен со Македонија пат. Останатиот дел е за провизија за Здруженијата за технички преглед со кои ЈП за државни патишта има склучено договори за пресметка и контрола на износот кој моторните возила го плаќаaат при регистрација (17 милиони денари); исплати кон Водостопанства за услуга за расчистување на канали покрај државните и регионалните патишта (4,5 милиони денари); поставување на сообраќајна сигнализација и знаци и одржување на истите (14 милиони денари); чистење патни канавки на државните и регионалните патишта (4,2 милиони денари); одржување на софтверот за патарина (0,6 милиони денари); трошок за снабдување и дистрибуција на електрична енергија (9,2 милиони денари); услуги за консултации и ревизија на проекти од Градежен факултет (0,8 милиони денари); обесбедување на наплатни станици (3,3 милиони денари); одржување на

системот за видео надзор на наплатните станици и граничните премини (0,85 милиони денари); интернет, оптичко поврзување и фиксна телефонија (3 милиони денари); промена на електрична инсталација и резерво напојување на наплатните станици на Коридор 8 (3,4 милиони денари) и други трошоци за услуги за одржување на компјутери и комјутерска опрема, одржување на згради и објекти, комунални услуги, трошоци за мобилна телефонија, објава на огласи. Зголемениот износ во извештајниот период во делот останати услуги во споредба со истиот период од минатата година е поради тоа што се направени трошоци за промена на електричната инсталација и резервното напојување на наплатните станици на Коридор 8, трошоци за исплати во овој квартал за Водостопанствата и трошоците за електрична енергија кои оваа година се евидентираат во овој дел од програмата.

3. **За трошоци за плата, надоместоци за плата и останати трошоци за вработените** во вториот квартал од 2018 година беа потрошени 59.112.031 денар. Зголемениот износ во споредба со истиот период од минатата година се должи на нови вработувања, по добиени согласности од надлежни институции, на инкасанти на наплатните станици за патарина.

4. **Трансфери до ЕЛС** - во извештајниот период по доставени Програма за 2018 година и Извештај за потрошените средства за 2017 на општините им се трансферирани средства во износ од 126.572.774 денари за изградба и реконструкција на локалните патишта и улици.

5. **За Даноци, повраток на средства од регистрација, банкарски провизии и останати трошоци од работењето** во извештајниот период беа потрошени 354.116.201 денар. Во овие трошоци најголем дел спаѓаат средствата исплатени по основ на месечните ДДВ пријави, месечните аконтации за данок за добивка и исплата на данокот на добивка по Годишната сметка за 2017 годиназа, потоа исплатени средства за повраток на средства на имателите на моторни и приклучни возила со кои се врши меѓународен сообраќај за периодот поминат во странство, трошоци за банкарски провизии кои се однесуваат за секојдневно собирање, транспорт, осигурување на средствата од наплатните станици и други трошоци како судски трошоци, трошоци за вештачење, секојдневен превоз на вработените на наплатните станици, експресно пренесување на пратки, надоместоци за членови на Управен и Надзорен одбор и други трошоци. Зголемениот износ по оваа ставка од програмата се должи на исплатата на данокот на добивка по Годишната сметка 2017 година (околу 150 милиони денари) и зголемениот износ на месечната аконтација на данокот на добивка.

6. **Камати од земени кредити од странски кредитори.** Во вториот квартал од 2018 година за плаќање камати кон меѓународни фининансиски институции согласно амортизационите планови на склучените договори за кредитирање беа реализирани 46.122.116 денари.

## II.2.2 Други одливи на ЈПДП во второт квартал

| Други одливи | План 2018 година | Реализациј а IV-VI 2018 | Реализација IV-VI 2017 | Индекс IV-VI 2018/IV-VI 2017 (%) | Реализација IV-VI 2018/план 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Отплата на главница на странски кредити | 1.425.000.000 | 475.021.329 | 466.273.708 | 101,86 | 33,33% |

Во извештајниот перид за отплата на главница за странски кредити согласно амортизационите планови на склучените договори исплатени се 475.021.329 денари односно 33,33% од вкупно планираните за 2018 година.

Финанасиски резултат врз пресметковна основа:

Приходи______________________________________________1.785.248.505

- Приходи од работењето_________________________________1.784.802.719
- Финансиски приходи (приходи од камати и поз. курс раз.)____________ 445.786

Расходи______________________________________________2.057.008.800

- Расходи од работењето и амортизација_______________________ 762.153.261
- Трошоци за вработените_________________________________ 61.866.957
- Финансиски расходи (негативни курсни разлики и камати)______ 1,232,988,582

**Финансиски резултат_________________________________-271.760.295**

## II.3 ОСТВАРЕНИ ИНВЕСТИЦИИ:

Во следната табела прикажани се остварените инвестиции на ЈПДП во периодот IV-VI 2018 година:

| Инвестициона програма | План 2018 година | Реализација IV-VI-2018 | Реализација IV-VI-2017 | Индекс IV-VI-2018 /IV-VI-2017 | Реализација IV-VI 2018/план 2018 | Структура на одделни во вк. реализирани инвестиции во периодот IV-VI 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно инвестиции** | **16.748.600.000** | **2.261.310.049** | **1.524.348.366** | **148,35** | **13,50%** | **100,00%** |
| **1) Инвестиции од сопствени средства** | **3.434.600.000** | **610.203.358** | **439.515.012** | **138,84** | **17,77%** | **26,98%** |
| * Градба, осветлување, сигнализација, мостови, тунели, свлечишта и сопствено учество во инвестиции од странски кредити | 2.236.600.000 | 321.610.371 | 262.148.499 | 122,68 | 14,38% | 14,22% |
| *Инвестиционо одржување на патишта (Македонија пат) | 470.000.000 | 154.951.961 | 77.118.713 | 200,93 | 32,97% | 6,85% |
| *Надомест за одземен имот - експропријација | 122.000.000 | 50.596.265 | 21.407.798 | 236,35 | 41,47% | 2,24% |
| *Расходи за инфраструктурни проекти и надзор | 579.000.000 | 77.618.495 | 78.523.317 | 98,85 | 13,41% | 3,43% |
| *Опрема | 27.000.000 | 5.426.266 | 316.685 | 1. 713,44 | 20,10% | 0,24% |
| **2) Инвестиции од странски кредити** | **13.314.000.000** | **1.651.106.691** | **1.084.833.354** | **152,20** | **12,40%** | **73,02%** |

1. **За инвестиции од сопствени средства** во извештајниот период беа реализирани 610.203.358 денари и тоа:

- Средствата во износ од 321.610.371 денар беа потрошени за ситуации за градба и тоа; санација на магистрален пат Неготино-Демир Капија, Берово-Струмица, спора лента на Валандовско брдо, делница Близанско-Калуѓерац, Сарај-Групчин, Опае-Белановце-Станчиќ, Пршовце-Јегуновце, Велес-Градско, Здуње-Колари, делница Петровец-Миладиновци и Кадино-Хиподрум, потоа санација на свлечишта и рехабилитација и обележување на мостови и тунели, поставување сообраќајна сигнализација на државни патишта и осветлување на клучки. Исто така реализирани се средства за сопствено учество во инвестиции од странските кредити и тоа за исплатата на ДДВ по ситуации за проекти финансирани од кредити од ЕБОР и најголем дел сопственото учество во инвестициите

финансирани од Ексим банка за патните правци Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид.

- За инвестициско одржување на државните патишта во вториот квартал од 2018 година потрошени се средства во износ од 154.951.961 денари согласно Договорот за услуги и Програмата за одржување на државните патишта со ЈП "Македонија пат".

- За надомест за одземен имот, односно експропријација беа потрошени 50.596.265 денари.

- За реализација на ставката расходи за инфраструктурни проекти и надзор во вториот квартал од годината беа потрошени 77.618.495 денари, односно 13,41% од вкупно планираните средства за 2018 година. За надзор над изградбата и одржувањето на патиштата беа потрошени 63.297.307 денари и тоа за надзор над градби финансирани од меѓународни кредити, како и надзор над изградбата на проектите финансирани од сопствени средства за кои ЈП за државни патишта има склучено договори. За изработка или дополување на инфраструктурни проекти во извештајниот период реализирани се 14.321.188 денари.
- За набавка на опрема и софтвер во извештајниот период потрошени се 5.426.266 денари и тоа за набавка на опрема за наплатните станици.

2. **За инвестициите од странски кредити**, беа реализирани вкупно 1.651.106.691 денар. Од нив, за реализација на Проектот за подобрување на регионалните патишта, Проектот за електронска наплата на патарини, Програма за национални патишта финансирани и Проектот за финансирање на изградба на патот Штип-Радовиш финансирани од **ЕБОР** потрошени се 341.559.678 денари; од кредитот од **Светска Банка** за реализација на Проектот за подобрување на магистрални и регионални патишта и Проектот за унапредување и развој на патишта (Ранковце-Крива Паланка) потрошени се 589.021.929 денари, инвестиции кои се реализираат од кредитот од **Ексим банка** 706.666.164 денари и средства реализирани од **ЕИБ** банка за консултантски услуги 13.858.920 денари

Салдото на сметката на ЈП за државни патишта (денарска и девизна) на крајот на извештајниот период изнесува 1.747.822.444 денари, бројот на вработени е 424, просечната бруто плата по вработен 46.335 и просечна нето плата 31.183 денари.

## III. ОБВРСКИ

Во следната табела се прикажани обврските на ЈПДП со состојба 30.06.2018 година

| **Обврски** | |
|---|---|
| Обврски за изградба и реконструкција на јавните патишта и други обврски | 18.119.045 |
| Обврски по задржани депозити | 1.400.466.849 |
| **Вкупно обврски** | **1.418.585.894** |

Обврските кои произлегуваат за изградба и реконструкција на јавните патишта и други обврски во износ од 18.119.045 денари кои ги има ЈП за Државни патишта на ден 30.06.2018 година се однесуваат на пристигнати фактури и ситуации кои се платени во наредниот период. Обврските по задржаните депозити се однесуваат на средствата кои се задржувааат на извршените работи во секоја времена ситуација како гаранција за добро извршување на работите, согласно договорната документација. Задржаните средства се враќаат на изведувачот по завршување на проектот односно негово примопредавање. **ЈП за државни патишта нема доспеани а неплатени обврски.**

## IV. АВАНСИ

Со цел мобилизација на градежната оператива, договорите за изведба на градежни работи најчесто предвидуваат исплата на аванси. За нив изведувачите доставуваат авансни гаранции кои гласат на износ еднаков на исплатениот аванс. Со достава на времени ситуации за градежни работи авансот се правда, односно се враќа. Подолу е даден аналитички преглед на состојба на исплатени аванси заклучно со 30.06.2018 година:

Состојба на вкупно исплатени аванси заклучно со 30.06..2018 година

| Проект | Салда на дадени аванси со 30.06.2018 |
|---|---|
| Наплатна станица Глумово | 9.046.663 |
| Градба автопат Миладиновци -Св. Николе-Штип | 914.128.317 |
| Градба автопат Кичево – Охрид | 2.399.796.273 |
| Електронски систем за наплата на патарини | 81.773.305 |
| Рехабилитација на државен пат Кочани-Делчево | 28.354.142 |
| Рехабилитација на делница Неготино- Демир Капија | 19.598.785 |
| Санација на свлечишта Лакавица-Неготино, Делчево-Берово, Битола Новаци | 2.697.245 |
| Санација на свлечишта Тетово-Попова Шапка, Маврово-Дебар, Гостивар-Кичево | 1.957.750 |
| Аванс за лот 2 фаза II источен регион | 30.180.644 |

| | |
|---|---|
| Изградба на експресен пат Градско-Прилеп, делница Фариш-Дреново | 293.588.865 |
| Изградба на експресен пат Штип-Кочани (делница Штип-Крупиште) | 175.640.310 |
| Набавка, инстализација и одржување на бројачи на возила | 3.434.712 |
| Изградба делница Ранковце-Крива Паланка | 539.822.154 |
| Ропалце-Метејче-Липково | 6.317.229 |
| Изградба делница Штип-Радовиш | 250.315.268 |
| Рехабилитација државен пат А2 делница Гостивар (мост Здуње) до с.Колари | 18.702.856 |
| **Вкупно** | **4.775.354.518** |

Аванси на изведувачите се исплаќаат согласно склучените договори со изведувачите. Авансите се правдаат во текот на реализација на договорот сукцесивно со доставување на ситуациите за извршените работи и сметководствено се прикажани во табелата за остварени инвестиции.

Подготвил/одобрил
Миле Куновски
Татјана Миновска

Директор
Зоран Китанов